# АНАЛИЗА
# НА ПРЕЧКИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ РОМКИТЕ И КОРИСНИЦИТЕ НА ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ ПРИ ПРИСТАПОТ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

2023 година

Издание на: ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Уредник: Бојан Јовановски

Авторка: Мила Царовска

Лектура: Виолета Танчева-Златева

Дизајн и графичко уредување: Марија Смилевска

Место и година на издавање: Скопје, 2023 година

Објавувањето на оваа публикација е во рамките на проектот „Вработена Ромка = независна Ромка“ (“Employed Roma Women = Empowered Women”), поддржан од шведската фондација „Квина тил Квина“ (Kvinna till Kvinna). Нејзината содржина е единствена одговорност на ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на донаторот.

# СОДРЖИНА

4 Контекст

10 Методологија

12 Резултати од наодите (квалитативни и квантитативни)

18 Пречки со кои се соочуваат Ромките и корисниците на гарантирана минимална помош при пристапот до пазарот на трудот

27 Предлози за унапредување на системот за поттикнување на вклучување на пазарот на трудот на маргинализираните групи

30 Заклучоци

# Контекст

Република Северна Македонија се соочува со високи стапки на невработеност и неактивност на населението (15-64 години), од 17,5 % и 34,9 %. Во Европската Унија овие стапки изнесуваат 6,9 % и 26,4 %, соодветно. Две групи на пазарот на трудот во Република Северна Македонија се особено изложени на ризикот од невработеност и неактивност: младите и жените. На крајот од првото полугодие од 2019 г. младинската невработеност (15-24) изнесуваше 34,9 %, додека стапката на млади лица (15-29) кои во 2016 г. не биле ниту вработени ниту во образование или обука изнесуваше 31,2 %. Кај жените е особено карактеристична високата стапка на неактивност на пазарот на трудот.

На крајот од првото полугодие од 2019 година, 53,3 % од жените на возраст над 15 години биле надвор од пазарот на трудот. Дополнителна карактеристика на трудовите статистики генерално, а особено оние на младите и жените, е што тие се од структурен, долгорочен карактер. Македонската невработеност се одликува со неколку структурни особености. Најголем број од невработените лица се со средно образование и оваа ситуација навестува дека лицата се соочуваат со невработеност и со потенцијално долгогодишно барање работа по завршување на школувањето. Вкупно 56 % од сите невработени лица во 2017 година чекаат за вработување 4 и повеќе години, додека 78 % од невработените биле долгорочно невработени.

Освен тоа, карактеристично е и тоа што 18 % од вработените во нашата земја немаат писмен договор за вработување, односно се третираат како неформално вработени лица.

Долгорочната невработеност е воочлива кај вкупното население и кај младите, а особено е нагласена кај жените. Но, сепак, тие се одликуваат со друга поважна карактеристика – нивната неактивност на пазарот на трудот. Женската активност е само околу 2/3 од таа на мажите и е постојана низ годините. Тоа имплицира т.н. родов јаз во учеството од околу 25 процентни поени, што е речиси двојно поголем од тој во Европската Унија (11,2 %). Дополнително, структурата на неактивните жени е особено неповолна, односно околу 2/3 од нив имаат основно или пониско образование, што заедно со долгиот период на отсуство од пазарот на трудот ги прави особено тешко вработливи. Очекувано, главната причини за неучеството на пазарот на трудот кај жените е работата околу домот, грижата за децата и за старите лица, како и невклучувањето во образованието.

Стапката на сиромаштија, пресметана како лица кои живеат со под 60 % од медијалниот еквивалентен доход, има тенденција на пад од 27 % во 2010 г. до 21,5 % во 2015 г., забележува блага стагнација и изнесува 21,9 % во 2018 година. Економскиот раст, проследен со поволните тенденции на пазарот на трудот (зголемувањето на вработеноста и на платите), зголемувањето на пензиите и на социјалната помош, придонесоа за намалување на стапката на сиромаштија во последните години.

Во 2017 година процентот на сериозно материјално обесправени лица, или процентот на населението кое не може да си дозволи барем 4 од 9 потреби, изнесувал високи 31,1 %. Според возрасни групи, овој процент е најголем кај децата (0-17) и изнесува 34,1 % во 2017 година, додека кај останатиот дел од популацијата изнесува околу 30,2 %. Стапката на сиромашни или социјално исклучени лица, или т.н. AROPE-индикатор, во

2017 година останал релативно висок: 41,6 %. Овие статистики ја дефинираат социјалната слика во Република Северна Македонија.

Стапката на вработеност меѓу Ромите изнесува 23 %, што е приближно двојно под националниот просек, а стапката на невработеност меѓу Ромите изнесува 67 %. Алармантен е податокот за вработеност на Ромките – само 8 %, што укажува на големи предизвици и драстичен родов јаз. Истовремено, ромската заедница се среќава со значителна стапка на неформална работа – околу 25 % од населението работи неформално. Најчестите форми на неформална работа кај Ромите мажи вклучуваат трговија, такси-услуги, градежништво и земјоделство, додека кај Ромките се трговијата и хигиенските услуги. Овие податоци ја истакнуваат потребата од посветени напори за намалување на невработеноста и неформалната работа во ромската заедница, особено кај жените. Треба да бидат преземени значајни мерки за создавање на услови и можности за достојно вработување и за економска независност, што ќе придонесе за подобрување на општата социо-економска ситуација во заедницата.

Околу 23 % од Ромите не се евидентирани во АВРСМ, бидејќи сметаат дека немаат придобивки од пријавувањето. Само 17 % од децата Роми кои се на предучилишна возраст посетуваат градинка. Вкупно 75 % од ромските деца на возраст 6-18 години се запишани во училиште, што е поразителен податок имајќи ја предвид задолжителноста на основното и средното образование во нашата земја. Недостигот од финансиски средства била најважната причина за непосетувањето градинка, основно и средно училиште. Втората најчеста причина пријавена од родителите е далечината на училиштето од нивната населба. Околу 8 % од ромските семејства пријавиле случаи на дискриминација против нивните деца во образовниот систем. Ромите имаат полоша здравствена состојба во споредба со општото население. Според основните здравствени показатели, очекуваниот животен век кај Ромите е 10 години пократок од националниот просек.

Системот за социјална помош во Република Северна Македонија може да се окарактеризира како категоричен, а не универзален, бидејќи ги гарантира минималните ресурси/приходи за специфични подгрупи од населението, како што се невработените лица или лицата со попреченост. До неодамна, системот беше фрагментиран и се состоеше од многу видови програми, наместо една сеопфатна програма. Постоеја вкупно 16 одделни шеми на надоместоци, кои беа дефинирани со законите како „права“, и две социјални програми. Од нив, 11 беа социјални надоместоци, а пет беа надоместоци за детски додатоци. Главната програма беше социјалната парична помош (СПП). Со реформата на

системот на социјална помош оваа состојба значително се промени и социјалните помошти беа консолидирани. Предизвиците во оваа област остануваат ефективната и ефикасна примена на новите закони во социјалната сфера и теренското имплементирање на интегрираниот систем на „водење на случај“, односно ефективната соработка меѓу центрите за социјални работи и центрите за вработување, кои треба да овозможат извлекување на лицата од сиромаштија преку ефикасна интеграција на работоспособните приматели на социјални помошти на пазарот на трудот[1].

Во реформираниот систем на социјална заштита се предвидува зајакната активација на корисниците на гарантирана минимална помош на таков начин што сите работоспособни членови на домаќинството ќе се вклучат во активните програми за вработување заради нивно оспособување за работа и вработување. Ова подразбира задолжително континуирано присуство на обуки, како и прифаќање на понуда за вработување. Во исто време, на корисниците ќе им се обезбеди поддршка за комплетирање на нивното образование и стекнување вештини, со што ќе станат конкурентни на пазарот на трудот.

Со новиот Закон за социјална заштита, соработката помеѓу службите за вработување и за социјална заштита треба да биде дополнително унапредена и продлабочена, во насока на поддршка и активација на работоспособните корисници на гарантирана минимална помош. Центрите за социјална работа и центрите за вработување треба да соработуваат при подготовка и имплементација на индивидуален план за активација на корисник на гарантирана минимална помош, заради негово учество во активните мерки за вработување и надминување на материјалната необезбеденост на домаќинството. Во оваа насока е и промената на начинот на работа со корисниците на центрите за вработување и центрите за социјална работа, преку воведување на моделот на управување со случај (case-management) во двете служби.

Пандемијата предизвикана од ковид-19 ги истакна „тесните грла“ во пристапот до социјалната заштита, наметнувајќи потреба од постојано преиспитување на „влезните“ критериуми, заради остварување брз пристап до паричните помошти. Прегледот на бројот на корисници на права засновани врз проверка на приходи (гарантирана минимална помош, траен надоместок, додаток за домување, еднократна парична

1 Влада на Република Северна Македонија, Министерство за труд и социјална политика (2019), Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – Годишен извештај за 2021. <https://mtsp.gov.mk/content/pdf/2019pravilnici/New %20node/Annex %201 %20Draft_ESRP %20 %20(MKD)_REVIZIJA %202022-11.12.2019.pdf>

помош), како и бројот на корисници на социјалната пензија (право од Законот за социјална сигурност за стари лица, засновано врз проверка на приходи) покажува дека паричните помошти од системот на социјална заштита засновани врз проверка на приходи покриваат само околу 8 % од лицата кои живеат во ризик од сиромаштија[2].

Зајакнувањето на активацијата на корисниците на гарантирана минимална помош е постојана заложба, за која по донесувањето на Законот за социјална заштита во 2019 година се преземени низа активности, како што се: изработка на 3.300 индивидуални планови за активирање на корисниците на гарантирана минимална помош; вклучување на 1.075 корисници на гарантирана минимална помош во активните мерки за вработување; воспоставување на електронска размена на информации меѓу центрите за социјална работа и центрите за вработување. Сепак, низа предизвици влијаат врз спроведувањето и ефективноста на активацијата, меѓу кои се вбројуваат: учество на корисниците на гарантирана минимална помош во сезонска или повремена работа чиј приход е поголем од оној кој се нуди преку активациските мерки, недостиг на мотивациски обуки за помалку вработливите корисници на гарантирана минимална помош (лицата без образование или со основно образование), немање континуирана и системска соработка меѓу центрите за социјална работа (ЦСР) и центрите за вработување (ЦВ) и сл.[3]

Процесот на активација се спроведува со финансиска поддршка од Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), преку проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот“. Во 2021 година во активните програми и мерки за вработување беа вклучени вкупно 118 лица, а во услугите за вработување (СИМ-програма) беа вклучени 781 лице, корисници на гарантирана минимална помош. Во врска со процесот на активација на корисниците на гарантирана минимална помош се воспостави и системот за електронска размена на податоци меѓу центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во делот на создавање индивидуални планови за активација, а беа изработени планови за активација за

2 Во согласност со последниот достапен податок од Државниот завод за статистика и Евростат, а според методологијата на Анкетата за приходи и услови на живеење, во 2019 година, 448.000 лица живееле во ризик од сиромаштија (основа за пресметките на сиромаштијата се приходите, а прагот на сиромаштијата е дефиниран на 60 % од медијалниот еквивалентен приход).

3 Влада на Република Северна Македонија, Министерство за труд и социјална политика (2022), Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – Годишен извештај за 2021. <https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/sep/Izvestaj %20za %20implementacija %20za %202021 %20na %20Revidiranata %20ESRP %202022_M %D0 %9A.pdf>

2.118 лица. Процентот на невработени лица – корисници на права од центрите за социјални работи, во однос на вкупниот број учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот од 6,5 % во активни мерки и 17,6 % во услуги бележи раст во споредба со претходните години, но и понатаму е под очекувањата, односно под годишната зацртана цел од 30 %. Околностите поврзани со пандемијата на ковид-19 (како што е олеснување на условите за стекнување на правото на ГМП) можат делумно да ги објаснат послабите резултати. Неодамнешната Студија за влијанието на социјалните придобивки врз активацијата на ранливите групи на пазарот на трудот покажа дека слабата активација е резултат на институционални предизвици, дестимулатори својствени на самиот систем за социјална заштита, можности за дополнителна заработка од неформална работа, обесхрабрување и семејни односи кај корисниците на ГМП. Услугата Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување се реализира преку воспоставување на мрежа од ромски ментори и преку програми базирани врз меѓународни искуства (програмата Acceder). Во рамките на оваа услуга невработените лица имаат пристап до тимот на ментори чија улога е да ги мотивираат и редовно да ги информираат невработените лица Роми и други лица во ризик од социјално исклучување за можностите за вработување или за зголемување на нивната вработливост, како и да помогнат во воспоставувањето комуникација со локалниот бизнис-сектор во насока на олеснување на пристапот до работна сила од целната група. Моделот се спроведува во две пилот-општини со значително присуство на Роми, но и со добро развиено деловно опкружување, преку воспоставување на пилот-центар за поддршка на вработувањето на Роми и други лица изложени на ризик од социјално исклучување во партнерство со две избрани граѓански организации. Во услугата биле вклучени вкупно 3.422 лица, од кои 1.721 жени (50 %) и 1.031 (30 %) млади лица на возраст до 29 години. Во 2021 година биле информирани вкупно 3.971 лице. За 3.422 (1.721 жени и 1.031 млади) лица пополнети се Прашалници за профилирање и вреднување на професионалните капацитети на невработеното лице за вклучување во активните мерки. Дел од учесниците – 154 (87 жени и 78 млади лица) се вклучиле во активна мерка за вработување, а дел биле директно вработени во приватниот сектор – 186 (93 жени и 91 младо лице до 29 години)[4].

4 Влада на Република Северна Македонија, Министерство за труд и социјална политика (2022), Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – Годишен извештај за 2021. <https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/sep/Izvestaj %20za %20implementacija %20za %202021 %20na %20Revidiranata %20ESRP %202022_M %D0 %9A.pdf>

# Методологија

Целта на анализата е да се утврдат пречките со кои се соочуваат Ромките и корисниците на гарантирана минимална помош при пристапот до пазарот на труд и да се дадат предлози за подобрување на јавните политики преку кои може да се надминат предизвиците со кои се соочуваат овие групи на граѓани. Дополнително, документот може да служи за застапување пред централната власт за вклучување на нови модели како функционален дел од специфичните мерки и активности што го поттикнуваат вклучувањето на пазарот на трудот на маргинализираните групи.

Методологијата на документот се заснова врз два столба, документациска и теренска анализа.

Анализата вклучува мешан пристап на квантитативни и квалитативни техники. За да се обезбеди дека анализата е ослободена од пристрасност или влијание, ќе се вгради пристап на триангулација на податоците за контролата на квалитетот. Затоа, ќе се применат следниве техники:

- **ДОКУМЕНТАЦИСКА АНАЛИЗА/СЕОПФАТЕН ПРЕГЛЕД –** собирање и анализа на релевантни документи, студии, политики, стратегии; мапирање на потенцијалните чинители/целни групи и комуникација со засегнатите страни; подготовка на соодветно сценарио за консултативните средби; подготовка и соодветна стратегија за средбите. Ќе се земат предвид податоците од анализата направена во 2022 година за пречките за искористување на активните мерки за вработување од страна на Ромките спроведена од страна на Групата за застапување за еднакви можности при вработување – Вработена Ромка – независна Ромка;
- **ФОКУС-ГРУПА ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ СО ЦЕЛНАТА ГРУПА –** собирање на податоци и увид во пречките за вклучување на пазарот на труд од искуствата на жените Ромки и кориснички на гарантирана минимална помош;
- **ФОКУС-ГРУПИ ЗА ПРОВЕРКА НА ПРЕПОРАКИТЕ СО ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ –** проверка на препораките од анализата со Ромки и кориснички на гарантирана минимална помош;
- **КОНСУЛТАТИВНИ СРЕДБИ** со релевантните чинители и клучните учесници од различни нивоа и сектори. Овој дел ќе вклучува дискусии со примарни и секундарни засегнати страни за да се добие квалитативно длабинско разбирање за спроведувањето на процесите на активација;
- **КОМПАРАТИВЕН МЕТОД ЗА АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ ПОДАТОЦИ** и нивно поврзување со резултатите добиени од деск-анализата и од консултативните средби;
- **СОГЛЕДУВАЊЕ НА НАЈДОБРИТЕ ПРАКТИКИ И УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ** преку кои ќе се изградат препораки за развој на функционални модели за активација.

За потребите на анализата беа користени административните податоци што се однесуваат на корисниците на гарантирана минимална помош од базите на Министерството за труд и социјална политика за 2022 година.

# Резултати од наодите

Ромките и корисниците на гарантирана минимална помош се групи население кои се соочуваат со многу пречки во пристапот до пазарот на трудот. Иако постојат законски и институционални рамки за заштита од дискриминација, многу често не се спроведувани и применувани во пракса и Ромите и корисниците на гарантирана минимална помош се соочуваат со дискриминација.

Важно е да се истакне влијанието на институциите врз пристапот до пазарот на трудот, зашто тој се контролира од страна на институции како што се Министерството за труд и социјална политика, Државниот инспекторат за труд, Агенцијата за вработување и други. Овие институции треба да ги спроведуваат законите, но во многу случаи не успеваат да ги заштитат правата на Ромите и на корисниците на гарантирана минимална помош, а со тоа и можностите за пристап до вработување за овие групи е ограничен.

Овие пречки вклучуваат дискриминација, лоши услови за работа, недостиг на обука и квалификации, недоволен пристап до информации за работните можности, недостиг на пазарни моќи и друго. За да може да се надминат, потребни се долгорочни мерки кои ќе ја подобрат позицијата на Ромите и на корисниците на гарантирана минимална помош на пазарот на трудот.

Вкупниот број на приматели на гарантирана минимална помош е 62.460 лица, од кои 32.091 (51 %) се мажи, а 30.369 (49 %) се жени.

**Графикон број 1: Структура на приматели на ГМП според пол и ниво на образование за 2022 година**




Од податоците прикажани во графиконот 1 се гледа дека најголем дел од примателите на ГМП, односно 17.927 жени и 17.379 мажи, имаат завршено основно образование. Овие податоци прикажуваат дека основното образование е најзастапен образовен степен кај сите приматели на ГМП, независно од полот.

Во повисоките степени на образование забележуваме неколку интересни родови аспекти. Само 798 приматели (474 жени и 324 мажи) имаат високо образование, што говори за мал број на лица со овој степен на образование меѓу примателите на ГМП. Истиот тренд е видлив кај магистрите на науки, каде 30 приматели ги имаат овие квалификации, од кои 19 се жени, а 11 се мажи. Сепак, видливо е дека повеќе жени има-

ат висок степен на образование во споредба со мажите. Оваа разлика е во соодност и со националната образовна структура[5].

Дополнително забележуваме дека помал број жени приматели на ГМП имаат средно образование, или 5.424 жени наспроти 7.488 мажи го имаат завршено овој степен на образование.

Вкупно 7.863 жени и 4.868 мажи кои се приматели на ГМП немаат основно образование. Ова говори за големите предизвици во образовниот систем и за потребата од поддршка на лицата без основно образование, особено на жените.

Графикон број 2: Структура на приматели на ГМП според возраст и пол за 2022 година




Од податоците за возрасната структура на примателите на гарантирана минимална помош (ГМП) прикажани во графиконот 2 најмногу корисници, или 28 %, се наоѓаат во возрасната група помеѓу 45 и 54 години. Втората по големина возрасна група е помеѓу 35 и 44 години, со 19,8 %. Помладите возрасни групи од 18 до 24 и од 25 до 34 години составуваат 19,4 % и 18,5 % од корисниците соодветно. Лицата над 55 години сочинуваат 14,3 %. Забележливо е дека нема драстични разлики меѓу мажите и жените во сите возрасни групи, што покажува стремеж кон еднаква распределба на социјалната помош според полот и возраста.

5 Државен завод за статистика (2023), Жените и мажите во Северна Македонија. <https://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=23>

**Графикон број 3: Општини со најголем процент на учество во вкупниот број на приматели на ГМП за 2022 година**




Анализата на податоците за примателите на гарантирана минимална помош (ГМП) по општини – графикон 3, открива интересни трендови и разлики во учеството на секоја од општините.

Најголемиот број на приматели на ГМП е во Општина Куманово, вкупно 4.513 лица, што претставува 7,23 % од вкупниот број приматели во државата. Ова го прави Куманово општина со најголемо учество во искористување на правото на гарантирана минимална помош. Следува Општина Липково со 4.144 приматели на ГМП, што претставува 6,63 % од вкупниот број на приматели. Исто така, значителен број на приматели има во Општината Чаир и во Шуто Оризари, при што и двете општини имаат ист број од 3.727 приматели на ГМП, или учествуваат со по 5,97 % во вкупниот број на приматели. Општините Гостивар и Тетово имаат сличен број на приматели, соодветно 3.384 и 3.221 лица, и учество од 5,42 % и 5,16 %. Општините Сарај и Студеничани имаат најмал број приматели на ГМП, со 2.385 и 2.101 лица и учество од 3,82 % и 3,36 %.

**Графикон број 4: Скопски општини со % учество во вкупниот број приматели на ГМП за 2022 година**




Од податоците во графиконот 4 се гледа распределбата на примателите на гарантирана минимална помош (ГМП) по општините во Град Скопје. Може да се заклучи дека учеството на секоја од општините во искористувањето на правото на гарантирана минимална помош варира значително. Најниско учество од 0,30 % се забележува во Општина Карпош и во Општина Аеродром, каде бројот на приматели на ГМП е многу мал и изнесува само 190 и 193 лица, соодветно. Општините Кисела Вода и Центар имаат учество од 0,54 % и 0,49 % соодветно, што покажува дека и тие имаат релативно ниска присутност на примателли на ГМП. Следуваат Општината Бутел со учество од 1,67 % и Општина Арачиново со 2,52 %. Општините Гази Баба и Сарај имаат учество од 2,06 % и 3,82 %, што покажува дека бројот на приматели на ГМП во овие општини е значителен. Најголемиот број на приматели на ГМП е во Општините Чаир и Шуто Оризари, со ист број од 3.727 приматели и исто такво учество од 5,97 %.

**Графикон број 5: Етничка припадност на лицата приматели на ГМП за 2022 година**




Од графиконот 5 може да се забележи дека граѓаните од албанска етничка припадност учествуваат со најголем број приматели на гарантирана минимална помош во земјата, вкупно 33.047 лица, што претставува 52,91 % од вкупниот број приматели. Следна етничка група се Ромите со вкупно 11.775 приматели, или 18,85 % од вкупниот број приматели на ГМП.

Кога се анализира процентуалното учество на примателите на гарантирана минимална помош во рамките на секоја од етничките заедници во земјата, забележуваме интересни разлики. Ромите имаат значително учество од 25,36 %, Албанците имаат учество од 7,41 %, а Турците со 7,66 %. Македонците, Србите и Власите имаат најмал број приматели на гарантирана минимална помош, со учество од под 1 %.

# Пречки со кои се соочуваат Ромките и корисниците на гарантирана минимална помош при пристапот до пазарот на трудот

Ромките и корисниците на гарантирана минимална помош во Република Северна Македонија се соочуваат со многу пречки при пристапувањето до пазарот на трудот, меѓу кои се:

## Дискриминација и стереотипи

Ромите се соочуваат со системска дискриминација и стереотипи во пристапот до пазарот на трудот. Често се гледа на нив како на необразовани, неквалификувани и неспособни за работа, што резултира со недостиг на достоинствени работни места за нив[6]. Според извештајот на Европската агенција за

6 Светска банка и Европска комисија (2019), Излегување од кругот на исклученоста на Ромите во Западен Балкан. <https://thedocs.worldbank.org/en/doc/961361552440068008-0080022019/original/RomaWesternBalkansExecutiveSummaryMacedonian3.12.2019.pdf>

основни права за 2021 година во Македонија, 13 % од Ромите се чувствуваат дискриминирани на работа само затоа што се Роми[7]. Според изјавите на учесниците на целните групи, во Република Северна Македонија во последните 3 години состојбата е за нијанса променета, бидејќи голем број од работоспособните лица заминуваат да работат во странство и поради недостиг на работници, работодавачите вработуваат поголем број Роми, при што се забележува намалена дискриминација на работно место.

> *„Сега не е како порано, има работа и за Ромите, нема работници и мора и нас да нè прифаќаат.“*
> – Изјава на учесник во првата целна група

Сепак, во извештајот на Комисијата за заштита од дискриминација за 2022 година се констатира дека во нашата држава сè уште постои расна дискриминација, која е насочена, пред сè, кон нашите сограѓани припадници на ромската заедница. Дискриминација кон оваа етничка заедница КСЗД ја има увидено преку примери на сегрегација во населените места, сегрегација на децата Роми во основните училишта, непристапност на Ромките до здравствената заштита и гинеколошките услуги, непристапност до вода во одредени ромски населби и непристапност до општествени добра и услуги[8].

Корисниците на гарантираната минимална помош се соочуваат со дискриминација од страна на општеството, меѓу кои и работодавачите, поради нивната сиромаштија и социо-економски статус[9]. Според Акцискиот план за обнова, раст и работни места на Светската банка

7 European Union Agency for Fundamental rights (2022), Roma in 10 EU countries. <https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2022-roma-survey-2021-main-results2_en.pdf>

8 Комисија за спречување и заштита од дискриминација (2023), Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2022 година. <https://kszd.mk/wp-content/uploads/2023/05/ %D0 %93 %D0 %BE %D0 %B4 %D0 %B8 %D1 %88 %D0 %B5 %D0 %BD %D0 %98 %D0 %B7 %D0 %B2 %D0 %B5 %D1 %88 %D1 %82 %D0 %B0 %D1 %98-2022.pdf>

9 Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ МАРГИНИ Скопје, Мрежа за заштита од дискриминација (2022), Извештај од мониторингот на примената на Законот за социјална заштита во делот на социјалните услуги во периодот јуни 2019 – јули 2021. <http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/ZSZ_GolemDokument_WEB_v002.pdf>

за Северна Македонија[10], многу од работодавачите не гледаат на овие лица како потенцијал и не ги вклучуваат во обуки затоа што сметаат дека имаат ниска мотивација и слаби меки вештини.

И преку изјавите на учесниците на целните групи се дека стравот од отпуштање и нелагодност во релацијата со работодавачите, како и бариерите за враќање во системот за социјална заштита, ги држи Ромките и корисниците на гарантирана минимална помош во пасивна позиција.

> *„Ако работиме и нè отпуштат да не чекаме 3 месеци за да може да аплицираме за социјална помош. Ич да не чекаме, да дадеме доказ дека сме отпуштени. Ако сме лажеле и имаме прилив на пари тогаш нека нè казнат, а не вака да немаме што да јадеме тие три месеци.“*
> – Изјава на учесник во втората целна група

## Ниското ниво на образование и квалификации

Високиот процент на необразовани Роми е една од главните причини зошто тие не можат да најдат достоинствена работа. Според податоците на АВРСМ, 92 % од невработените се без основно образование и со основно образование, 7,7 % се со непотполно средно и завршено средно образование, додека 0,3 % од невработените се со вишо, високо образование и магистерски студии. Од родова перспектива, процентот на жени без основно и со завршено основно образование изнесува 94 %, 6 % имаат непотполно средно и завршено средно образование, додека 1 % се со вишо и високо образование. Според времето на чекање, 66 % од невработените кои се долгорочно невработени се без образование или со основно образование, додека 3 % од долгорочно невработените се со непотполно и со завршено средно образование. Од родова перспектива, 72 % од невработените Ромки се долгорочно невработени, при што 68 % се без основно образование или основно образование, додека 3 % се со нецелосно средно и завршено средно

10 The World Bank (2020), Republic of North Macedonia: Action Plan for Recovery of Growth and Jobs. <https://documents1.worldbank.org/curated/en/809991603810854005/pdf/Republic-of-North-Macedonia-Action-Plan-for-Recovery-of-Growth-and-Jobs.pdf>

образование[11]. Дополнително, според податоците на МИКС 2018 – 2019[12], процентот на деца на возраст за средно образование што посетуваат средно училиште или повисок образовен степен, кај општата популација изнесува 90,9 %, додека кај Ромите е 39,4 %.

Ниското ниво на образование може да биде резултат на разни фактори, вклучувајќи дискриминација, сиромаштија, малолетнички бракови и детски труд, како и недостиг на квалитетно образование во ромските заедници и ограничување на пристапот до образовни установи поради дискриминација. Ромските деца се често дискриминирани во образовните институции, што води до напуштање на училиштата пред завршување на основното/средното образование.

Учесниците во целните групи изразија потреба од препознавање на знаењата и вештините што ги стекнале неформално во текот на животот, независно од нивното формално образование.

> *„Ако има начин како да покажеме што знаеме и дека знаеме да работиме иако сме без школо, ќе биде полесно за да се вработиме.“*
> – Изјава на учесник во втората целна група

Во согласност со податоците на МИКС 2018 – 2019, бројот на млади на возраст 15-19 години што се во брак или во невенчана заедница кај општата популација изнесува 5,6 %, додека кај Ромите 22,6 %. Во истото истражување се констатира и дека процентот на деца на возраст 5-17 години што работат детски труд кај општата популација е 2,9 %, додека кај Ромите е 4,1 %.

Голем дел од корисници на гарантираната минимална помош немаат соодветни квалификации и вештини за работата која ја бараат работодавачите. Во однос на образовната структура, лицата со основно образование сочинуваат 60,2 % од носителите на правото на ГМП, а потоа следат оние со средно образование (19 %) и без основно образование (18,5 %). Ниското образовно ниво на членовите на домаќинствата

11 Министерство за труд и социјална политика (2022), Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030. <https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/Strategija %20za %20inkluzija %20na %20Romite %202022-2030 %2003-02-2022 %20finalna %20 verzija.pdf>

12 УНИЦЕФ (2020), Мултииндикаторски класерски истражувања 2018-2019, Сееверна Македонија и ромски населби во Северна Македонија. <https://www.unicef.org/northmacedonia/media/9151/file/MK_MICS_FindingsReport %20(MKD).pdf>

корисници на ГМП претставува голема бариера за успешна транзиција на овие лица кон вработување[13].

## Социо-економска маргинализација

Ромите се соочуваат со социо-економска маргинализација, што резултира со низок степен на учество на пазарот на трудот. Многу Роми живеат во сиромаштија и се соочуваат со недостиг на задоволување на основните потреби, како што се здравствена заштита и образование. Според извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2022 година, бројот на невработени Роми е 12.990 лица, што е мало намалување од 13.703 лица во 2021 година. Бројот на Роми кои ги користеле активните мерки за вработување изнесува 589, или 5,2 % од сите корисници. Не се донесени нови мерки за насочен пристап кон Ромите. Младинската гарантна шема за 2021 година опфатила 979 Роми (488 жени).[14]

Учесниците на целните групи се загрижени дека младите од семејствата корисници на гарантирана минимална помош може долгорочно да останат социо-економски маргинализирани, затоа што системот индиректно ги држи во пасивна позиција, наместо да ги стимулира да работат.

*„Сега има работа, ама младите седат со старите и нејќат да одат да работат со пријавување. Бараат да се на црно и после нема да имаат пензија. Затоа, да се одвојат младите и ако си работат, на старите да не им се укинат парите.“*
– Изјава на учесник во втората целна група

*„Младите да работат и да не зависат од нас. Да си стекнат свои пари. Ние да си останеме на социјално, а они нека работат. Да не зависиме едни од други.“*
– Изјава на учесничка во втората целна група

13 Влада на Република Северна Македонија, Министерство за труд и социјална политика (2022), Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – Годишен извештај за 2021. <https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/sep/Izvestaj %20za %20implementacija %20za %202021 %20na %20Revidiranata %20ESRP %202022_M %D0 %9A.pdf>

14 Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2022 година. <https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657>

*„Не треба ако младите работат да ги укинуваат старите од социјално. Условите се да живееме заедно, ама секој свој живот да тера, не вака да мора младите и за нив да работат и нас да нè чуваат.“* – Изјава на учесник во втората целна група

Стапката на вработеност на Ромите изнесува 23 %, скоро двојно под националниот просек. Стапката на невработеност на Ромите е високи 67 %. Кај жените Ромки, стапката на вработеност изнесува 8 %. Сепак, ромската заедница се соочува со висока стапка на неформална вработеност – во просек, 25 % од населението работи неформално. Најчеста форма на неформално вработување кај Ромите е во трговија, такси-услуги, како и во градежништвото и земјоделството, додека кај Ромките најчестата форма на вработување е во трговијата и во хигиенските услуги. Врз сезонска работа се потпираат многу ромски семејства во летниот период, за време на жетварската сезона. Околу 36 % од ромските домаќинства заработуваат под 12.000 денари месечно, 31 % помеѓу 12.000 и 24.000 денари, додека за 18 % тој износ се движи од 24.000 до 40.000 денари. Околу 48 % од ромските семејства се корисници на социјална помош. Околу 23 % од Ромите не се евидентирани во АВРСМ, бидејќи сметаат дека немаат придобивки од пријавувањето.[15]

*„Социјалното и вака покачено пак не е доволно. Само струјата кога ќе ти дојде и готово е! Кај се па другите трошоци.“*
– Изјава на учесничка во првата целна група

Оваа социо-економска маргинализација на Ромите има далекусежни последици не само за нивното вклучување на пазарот на трудот туку и за други аспекти на нивниот живот. На пример, многу Роми се соочуваат со здравствени проблеми поради немањето пристап до здравствените услуги, што може да води до зголемување на бројот на хронични болести и до намалена работна способност. Исто така, сиромаштијата и социо-економската маргинализација на Ромите влијае врз нивните деца и има негативни последици за нивното образование и за развојот, а ги намалува и можностите за прекинување на трансгенерациското пренос на сиромаштијата.

15 Министерство за труд и социјална политика (2022), Ревидирана програма за реформи во вработувањето и социјалната политика. <https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/ESRP(r) %202022 %20(MKD) %20full.pdf>

*„Јас имам да кажам дека младите зимаат социјално и работат. Социјалното им е како гарантирано, а платата плус, така повеќе приходи имаат. Јас цел живот работев на црно и сè ми беше супер, работев по жени, ама сега немам пензија и не можам да работам. Да си бев пријавена тогаш подобро ќе беше денес, ќе имав пензија. За младите сакам да кажам, подобро да си работат и да не мислат на социјалното.“*
– Изјава на учесничка во првата целна група

Корисниците на гарантираната минимална помош немаат пристап до транспортните услуги во своите места на живеење или, ако им се достапни, тие не се бесплатни за овие граѓани, што ги спречува да истражуваат работни понуди во други региони или општини.

Покрај ова, банките и другите финансиски институции предизвикуваат дополнителни проблеми за Ромите и за корисниците на гарантирана минимална помош, кои поради примањата и имотот што го поседуваат, најчесто, не се квалификуваат за користење на финансиските услуги како што се кредити, сметководство и други услуги што можат да им помогнат да започнат сопствен бизнис.

## Недостиг на поддршка и услуги

Ромите и корисниците на гарантираната минимална помош се соочуваат со недостиг на поддршка и услуги, како што се подготовка за работа, обука и пракса во согласност со информациите од Акцискиот план за обнова, раст и работни места на Светската банка[16]. Многу од корисниците на гарантирана минимална помош никогаш не работеле или имаат прекини во работното искуство, што може да биде пречка за нивното повторно вработување.

Податоците добиени од Агенцијата за вработување во 2022 година покажуваат дека биле изготвени 2.417 плана за активација на корисници на гарантирана минимална помош, од кои 916 се жени, вклучително 262 Ромки. Вкупно во сите мерки од оперативниот план за вработување биле вклучени 5.243 жени, од кои само 224 Ромки, додека, пак, во мерката Економија на грижа биле вклучени 619 жени, од кои само 45 Ромки.

16 The World Bank (2020), Republic of North Macedonia: Action Plan for Recovery of Growth and Jobs. <https://documents1.worldbank.org/curated/en/809991603810854005/pdf/Republic-of-North-Macedonia-Action-Plan-for-Recovery-of-Growth-and-Jobs.pdf>

Иако услугата за активација на пазарот на трудот постои, сепак нејзиниот опфат е сè уште мал. Освен тоа, придружните услуги за психо-социјална поддршка, обезбедување грижа за децата или за други зависни лица во домаќинството не се обезбедуваат бесплатно и гарантирано за Ромите и за корисниците на гарантирана минимална помош.

*„Јас сакам да работам, маж ми работи и зимам трето дете и не стигаме со четири деца. Јас работев ама немаше кој децата да ми ги чува зашто две смени одев и не можевме така. Сега ако најдам работа само прва смена ќе работам. Ќе биде добро и градинката да ми е бесплатна затоа што за 4 деца 100 евра месечно ќе ми биде само тоа. Вака не се стига со пари.“*
– Изјава на учесничка во третата целна група

Услугите за грижа на децата кои се на предучилишна или училишна возраст, исто така, не се целосно достапни за Ромите и за корисниците на гарантирана минимална помош, што од една страна влијае врз понатамошниот развој на децата, а од друга страна, влијае и врз можностите за вработување на нивните родители.

*„Сакам да работам ама децата кај ќе одат? Во школо одат, а после школо ги пуштаат во 12 часот и после мора некој да ги чува, вака по улици да ги пуштиме треба.“*
– Изјава на учесничка во третата целна група

*„Сакам да одам на работа и да го прекинам социјалното, ама кој да ми ги чува децата. Во градинка треба да плаќам, а што попрво да плаќам.“*
– Изјава на учесничка во првата целна група

## Пристап до дигитални уреди и до Интернет

Интернетот е од клучно значење за пристапот до пазарот на трудот, бидејќи често се користи за пронаоѓање на работа и за поврзување со потенцијални работодавци. Ромите, особено оние кои живеат во сиромашни населби, често немаат пристап до социјалните мрежи или не ги користат за барање на работно место. Според регионалното истражување за Роми, пристап до компјутер имаат 42 % Роми наспрема 72 % нероми[17]. Според МИКС 2018 – 2019[18], бројот на домаќинства кои имаат пристап до Интернет на кој било уред во домот изнесува 81,5 % кај општата популација, додека кај Ромите е 69,8 %. Овие податоци покажуваат дека Ромите се соочуваат со големи предизвици во пристапот до информации за работните можности што се нудат на Интернет и преку социјалните мрежи. Покрај горенаведените, постојат и други пречки, каков што е недостигот на пристап до информации за работни места, како и културните и јазичните бариери што треба да се истражат и да се види нивното влијание врз процесот на вработување на Ромите и на корисниците на гарантирана минимална помош.

17 Министерство за труд и социјална политика (2022), Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030. <https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/Strategija %20za %20inkluzija %20na %20Romite %202022-2030 %2003-02-2022 %20finalna %20verzija.pdf>

18 УНИЦЕФ (2020), Мултииндикаторски кластерски истражувања 2018 – 2019, Сееверна Македонија и ромски населби во Северна Македонија. <https://www.unicef.org/northmacedonia/media/9151/file/MK_MICS_FindingsReport %20(MKD).pdf>

# Предлози за унапредување на системот за поттикнување на вклучувањето на пазарот на трудот на маргинализираните групи

Системот на социјална заштита треба да продолжи да се развива и унапредува, бидејќи е жив процес и се менува со текот на времето. Оваа анализа овозможува да се проследат состојбите, вклучувајќи ги Ромите и корисниците на гарантирана минимална помош на пазарот на трудот. Врз основа на анализата на податоците (квантитативни и квалитативни), може да се дадат препораки на неколку нивоа, вклучувајќи системски промени и препораки за различните засегнати страни.

Препораките се однесуваат на системски измени насочени кон подобрување на флексибилноста на условите за користење и остварување на правото на гарантирана минимална помош, воспоставување на систем за валидација на неформалното и информалното учење и системско усогласување/зголемување на средствата за социјални трансфери според јасни економски параметри, загарантирани места и ослободување од плаќање во јавните детски градинки за корисничките на гарантирана минимална помош.

## Препорака 1:
## Измени и дополнувања на Законот за социјална заштита во однос на критериумите и условите за остварување на правото на гарантирана минимална помош

**А.** Да се овозможи паралелна работа за носителот на правото на гарантирана минимална помош или друг член на домаќинството и примање на гарантирана минимална помош за сите други членови на домаќинството во траење од 12 месеци. По изминување на периодот од 12 месеци, се предлага етапно намалување на висината на социјалните трансфери во период до 18 месеци;

**Б.** Да се исклучи периодот на чекање од 3 месеци за повторно вклучување во системот, т. е. домаќинствата да бидат внесени во системот на социјална заштита веднаш по губењето на работното место или искористувањето на надоместокот од осигурување во случај на невработеност од АВРСМ. Процената на приходите да се прави по остварување на правото;

**В.** Полнолетните деца од домаќинствата кои се приматели на гарантирана минимална помош, кога ќе се вработат, да не се земаат предвид при остварување на правото на другите членови од домаќинството. Ова значи дека, кога полнолетното дете ќе се вработи, родителот ќе може да продолжи со остварување на правото на гарантирана минимална помош, и покрај тоа што живеат во исто домаќинство. Со ова може да се придонесе за превенција од трансгенерациски пренос на користење на гарантирана минимална помош;

**Г.** Со законска одредба да се загарантира усогласувањето на гарантирана минимална помош со јасни економски параметри како што се просечната или минималната плата.

## Препорака 2:
## Измени и дополнувања на Закон за образование на возрасните

**А.** Да се воспостави систем за валидација на неформалното и информалното учење, кој би овозможил стекнување квалификации на лицата без или со низок степен на квалификации, што би овозможило нивна поголема вклученост во пазарот на трудот. Воведувањето на ваквиот систем има големо значење за овој процес на активација на корисниците на гарантирана минимална помош и на Ромките, кои се без формално или со некомплетно образование.

## Препорака 3:
## Измени и дополнувања на Законот за детска заштита и на правилниците што произлегуваат од него, со цел обезбедување услуги за грижа на децата на корисниците на гарантирана минимална помош додека тие се во процес на активација или вработување

**А.** Да се гарантираат бесплатни места во градинките за децата од семејствата кои користат гарантирана минимална помош и за Ромите. Со оваа мерка би се обезбедиле услови полнолетните членови слободно да бараат работа и да се вклучат во сите мерки за нивна активација до крајно вработување;

**Б.** Да се организираат дневни центри за прифаќање на децата од овие семејства по завршување на училишните часови, до периодот на завршување на работното време или времето за обука на нивните родители.

## Препорака 4:
## Воспоставување на посебна програма за активација на корисници на гарантирана минимална помош

**А.** Активацијата на корисниците на гарантирана минимална помош има големо значење за нивната социјална интеграција и за подобрување на нивната економска ситуација. Програмата треба да опфаќа обука и квалификација, како финансиска поддршка за стартап компании и микробизниси, но најзначајно е да има систем за психо-социјална поддршка и менторство. Под оваа програма да се обезбеди посебна линија која ќе гарантира квота за учество на жените во сите активности и мерки за поддршка со цел да се постигне еднакво учество на жените и мажите во оваа програма. Со оглед на тоа што капацитетите на АВРСМ за ваков тип на програма се слаби, се препорачува да се вклучат партнери (граѓански организации или компании) кои ќе можат да ја спроведат. Дополнително, би било од голема помош да се инвестира во развој на инфраструктура во подрачјата каде што живеат корисниците на гарантирана минимална помош, со цел да се отвораат работни места и да се олесни пристапот до нив.

Сите овие препораки за системски измени и зголемување на средствата за социјална заштита имаат за цел да ги подобрат условите за живеење на корисниците на гарантирана минимална помош и нивната социјална интеграција во општеството. Доколку се спроведат соодветно, овие мерки можат да овозможат подобрување на економската ситуација на најранливите групи во општеството и да спречат нивна социјална и економска исклученост.

# Заклучоци

Од анализата може да се заклучи дека неуспехот да се пристапи до пазарот на трудот може да има сериозни економски последици за Ромките и за корисниците на гарантирана минимална помош. Бидејќи многу од нив живеат во сиромаштија, немањето работа може драматично да се одрази врз нивната можност за преживување. Исто така, немањето работа доведува до дополнителна сиромаштија и нееднаквост, што го затвора кругот на социјална и економска исклученост и доведува до пренесување на сиромаштијата на следната генерација.

Социјалните последици од немањето работа и неуспехот да се пристапи до пазарот на трудот можат да бидат драматични. Социјалната исклученост ги изолира Ромките и корисниците на гарантирана минимална помош од широката заедница и ги изложува на дискриминација.

Во Република Северна Македонија Ромките и корисниците на гарантирана минимална помош се соочуваат со значителни предизвици при пристапот до пазарот на трудот, што има сериозни економски и социјални последици за општеството во целина.

Анализата на пречките за пристап до пазарот на трудот за Ромките и за корисниците на гарантирана минимална помош покажа дека се потребни системски измени за подобрување на нивната позиција на пазарот на трудот. Препораките за флексибилност на условите за користење и за остварување на правото на гарантирана минимална помош, за валидација на неформалното и информалното учење, како и за зголемување на средствата за социјални трансфери, се важни мерки за подобрување на социјалната заштита на овие групи и за нивната вклученост на пазарот на трудот.

Сепак, за да се реализираат овие препораки, потребни се значителни измени во законодавството и во системот на социјална заштита. Освен тоа, важно е да се обезбедат и други мерки за активација на Ромките и на корисниците на гарантирана минимална помош, како што се мерки за образование и обука, стимулативни мерки за вработување и слично. Со цел да се премине од состојбата на социјална зависност кон активно учество на пазарот на трудот, потребно е да се спроведат интегрирани мерки што ќе ги поддржат овие групи во нивните напори за вработување и надминување на пречките со кои се среќаваат.

Препораките вклучуваат, исто така, системски измени во законодавството за зголемување на средствата за социјални трансфери, активација на корисниците на гарантирана минимална помош на пазарот на трудот, инвестиции во инфраструктурата и обезбедување загарантирани места и ослободување од плаќање во градинките за децата од семејствата кои користат гарантирана минимална помош.

Доколку се спроведат соодветно, овие мерки ќе овозможат подобрување на економската ситуација на најранливите групи во општеството и ќе можат да спречат социјална и економска исклученост. Имплементацијата на препораките може да биде комплексен процес, кој ќе бара координација меѓу различни институции и актери. Затоа, потребно е да се создаде посебна програма и да се направат измените и дополнувања на законите, како и да се обезбеди доволно финансирање за овие мерки.

Во целост, реализацијата на препораките може да има позитивен ефект врз социјалната инклузија на Ромките и на корисниците на гарантирана минимална помош и врз нивната економска состојба. Тие можат да придонесат за подобрување на животот на најранливите групи во општеството и да го зголемат нивното учество во економијата.

www.hera.org.mk